РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА

АВТОКАМП,
КО КАТЛАНОВО

ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

ТЕХ.БР. F0521

ЈУЛИ, 2023

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА

АВТОКАМП,

КО КАТЛАНОВО
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

НАРАЧАТЕЛ: **МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДРШКА НА ТУРИЗМОТ

ДОНЕСУВАЧ: **МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

ДИРЕКТОР: **м-р Андријана Андреева, дипл.инж.арх.**

Andrijana Andreeva Digitally signed by Andrijana Andreeva
Date: 2023.07.04 10:47:05 +02'00'

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: **F0521**

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА

АВТОКАМП,

КО КАТЛАНОВО
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ: м-р **Јулијана Ставревски**, дипл.инж.арх.
број на овластување О.0382

Julijana Stavrevski
Digitally signed by Julijana Stavrevski
Date: 2023.07.04 09:50:11 +02'00'

РАКОВОДИТЕЛ НА УП И ПЛАНЕР ПОТПИСНИК: м-р ***Маја Доновски Лукаревска***, *дипл.инж.арх.*
број на овластување О.0385

Maja Donovski Lukarevska
Digitally signed by Maja Donovski Lukarevska
Date: 2023.07.04 09:31:05 +02'00'

ПЛАНЕРИ: ***Боро Петковски,*** *дипл.инж.арх.*
број на овластување О.0392

Ана Пижула Ефкоски, *дипл.инж.арх.*
број на овластување О.0433

Билјана Темелковска, *дипл.инж.арх.*
број на овластување О.0484

водоводна и канализациона инфраструктура:
м-р ***Соња Георгиева - Депинова****, дипл.град.инж.*
број на овластување 2.0606

енергетска и комуникациска инфраструктура:
Благој Јанков*, дипл.ел.инж.*
број на овластување 4.0115

животна средина и природно наследство:
м-р ***Весна М. Димишковска,*** *дизжс*
дипл.инж.заш.жив.сред.

природни карактеристики:
м-р ***Звонко Бошев****, дипл.географ*

СОРАБОТНИК: ***Елена Стојкова,*** *м-р.инж.арх.*

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА

АВТОКАМП,

КО КАТЛАНОВО
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ

1) ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ
2) НУМЕРИЧКИ ДЕЛ
3) ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1.ТЕКСТУАЛАН ДЕЛ

1. ВОВЕД 6
2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА ВО КОЈ Е УТВРДЕН ПРОСТОР СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ 7
   2.1. Граници и површина на Урбанистичкиот проект 7
   2.2. Дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за градежната парцела 9
3. НАМЕНА И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ЈАВНА УПОТРЕБА 13
4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА 13
   4.1. Сообраќајна инфраструктура 13
   4.2. Водостопанска инфраструктура 15
   4.3. Електро-енергетска и електронско-комуникациска инфраструктура и јавно осветлување 15
5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, ПРИРОДАТА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ И МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА СОЗДАВАЊЕ НА БАРИЕРИ НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ 16
   5.1. Мерки за заштита на културното наследство 16
   5.2. Мерки за заштита на животна средина 21
   5.3. Мерки за заштита на природата 23
   7.1. Мерки за заштита и спасување 28
   7.2. Мерки за спречување на бариери за лица со посебни потреби 36
8. ОПШТИ И ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА 37
9. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА 37
10. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ 50
   10.1. Посебни услови за градба од доменот на сообраќајната инфраструктура 60
   10.2. Посебни услови за градба од доменот на водостопанската инфраструктура 61
   10.3. Посебни услови за градба од доменот на електроснабдувањето, надворешното осветлување и електронските комуникации 61

2. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

2.1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

2.2. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

3. ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

01 УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ СО ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО 1:1000

02 УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ СО РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН И ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ 1:1000

03 УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ 1:1000

04 УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ПАРТЕР И ЗЕЛЕНИЛО 1:1000

05 УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ВНАТРЕШЕН И СТАЦИОНАРЕН СООБРАЌАЈ И НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ 1:1000

06 УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ЕЛЕКТРО-ЕНЕРГЕТСКА И ЕЛЕКТРОНСКО-КОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА 1:1000
07 УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ПРИКЛУЧОЦИТЕ, ОБЈЕКТИТЕ И ВОДОВИТЕ НА ВОДОСНАБДИТЕЛНА, ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА МРЕЖА 1:1000
08 УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ - СИНТЕЗЕН ПРИКАЗ 1:1000

1) ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ВОВЕД

Урбанистичкиот проект се изработува согласно член 62 став 3 Законот за урбанистичко планирање (Сл.в.на РСМ бр. 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), а согласно Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2021 година (Службен весник на РМ бр.15/21) **точка 18** која гласи:

- **Изработка на Урбанистички проект за автокамп во општина Петровец.**

Согласно Член 58 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.в.на РМ бр. 32/20), потребно е да се изработи планска документација за:

- **Урбанистички проект за автокамп, КО Катланово, општина Петровец, со тех.бр. F0521.**

Урбанистичкиот проект има за цел да го преиспита предметниот простор, да се утврди и концептот и идејата за функционирање на Автокампот, да се пропишат стандардите и нормативите за урбанистичко планирање и да се дефинираат условите за градење во рамките на предметниот плански опфат и за користењето на просторот, да се дефинираат основните класи на намени, како и дефинирање на архитектонско - урбанистичките параметри за реализација на планираните градби.

Овој Урбанистички проект како цел има и планирање на комунални супраструктури и инфраструктури со дефинирање на оптимални решенија на водови во планскиот опфат.

За предметниот Урбанистички проект не се утврдува плански период.

Со овој Урбанистички проект се разработува Автокамп лоциран во Катланово т.е. во Општина Петровец, поточно на дел од КП 91/1, КО Катланово, Општина Петровец.

Процесот на планирање и проектирање треба да резултира со изградба на нов сообраќаен пристап, како и нови градби и инфраструктура, потребни за реализација на автокампот.

Планската документација е изготвена врз:

- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени – Ажурирана геодетска подлога со бр.0839-5582/2 од 27.07.2020г. изработен од АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**,**
- увид на лице место од страна на стручни лица,
- Услови за планирање на просторот со тех.бр. Y16921
- Решение за Услови за планирање на просторот со бр. УП1-15 1500/2021 од 13-10-2021г.
- Извод од општ акт за село: Изменување на Општ акт за село Катланово, одобрен со одлука бр. 09-1515/2 од 04.06.2021г.
- Проектна програма одобрена од Министрство за транспорт и врски (арх.број: 21-1209/3 од 03 февруари, 2022),
- податоци, информации и мислења добиени од стручни служби преку сервисот е-урбанизам постапка бр. 50138: https://www.e-urbanizam.mk/admin#/home/administration/request/planner/detail/1041/50138
- Опомена - податоци, информации и мислења добиени од стручни служби преку сервисот е-урбанизам постапка бр. 50668: https://www.e-urbanizam.mk/admin#/home/administration/request/planner/detail/1041/50668
- Идеен проект за Автокамп (тех.бр. 0701-598), изработен од Квадар ДОО Скопје.

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА ВО КОЈ Е УТВРДЕН ПРОСТОР СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ

2.1. Граници и површина на Урбанистичкиот проект

Просторот дефиниран за изработка на Урбанистичкиот проект за изградба на Автокамп, КО Катланово, Општина Петровец, со тех. бр: F0521 е на брегот на реката Пчиња. Земјиштето во рамки на проектинот опфат е во спостственост на Р.С.Македонија т.е. североисточно од населено место Катланово на надморска височина од 240-250м.. Прво населено место од југо-запад е селото Катланово, а додека на источната страна се наоѓа с. Градманци.

Во непосредна близина на опфатениот локалитет, на неговата западна страна, егзистира постојниот магистрален пат **А1** (М - 1**) -** (Граница со Србија – ГП Табановце – Куманово – Велес – Неготино – Демир Капија – Гевгелија – граница со Грција – ГП Богородица и делница Градско - Прилеп – врска со А3) кој е поврзан со регионалните патишта Р1102 - (Врска со А2 обиколница Скопје – Катланово – Велес –Неготино - Демир Капија); и Р2131 – Драчево (врска со Р1106)-Орешани-Таор-Катланово (врска со Р1102) и асвалтиран пристапен пат со кој се обезбедува пристап до проектниот опфат.

Површината на проектниот опфат изнесува 19072,5м^2 или 1.907 хектари.

Проектниот опфат е лоциран на дел од КП 91/1, КО Катланово, Општина Петровец и е дефиниран со линија и прекршни точки (X,Y) и тоа:

ПОВРШИНА: 19072.05m^2
ПЕРИМЕТАР: 863.85м'



Ред.бр.	X	Y
1.	7557412.32	4639731.11
2.	7557425.80	4639739.67
3.	7557399.46	4639793.11
4.	7557343.34	4639761.35
5.	7557319.74	4639744.81
6.	7557301.04	4639705.18
7.	7557298.10	4639638.95

8.	7557305.90	4639580.06
9.	7557345.40	4639481.70
10.	7557374.99	4639428.86
11.	7557374.89	4639447.08
12.	7557375.52	4639460.25
13.	7557377.62	4639474.86
14.	7557379.99	4639487.31
15.	7557382.40	4639498.70
16.	7557384.83	4639512.15
17.	7557387.82	4639529.20
18.	7557390.73	4639542.12

19.	7557393.41	4639551.27
20.	7557394.97	4639555.09
21.	7557361.97	4639571.93
22.	7557346.05	4639588.15
23.	7557341.71	4639603.44
24.	7557343.26	4639619.56
25.	7557346.93	4639639.37
26.	7557348.99	4639663.13
27.	7557361.61	4639678.33
28.	7557375.82	4639702.87
29.	7557393.24	4639720.44

нај	**X**	**Y**
источна	7557425.7953	4639739.6744
северна	557399.4619	4639793.1090
западна	7557298.1013	4639638.9492
јужна	7557374.9866	4639428.8625

Границата на проектниот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од 1 до 29, за кои точки табеларно се дадени параметрите по X и Y координати.

2.2. Дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за градежната парцела

Согласно барањата од страна на Министерството транспорт и врски преку потпишаната Проектна програма треба да се изработи Урбанистички проект за Автокамп, КО Катланово, Општина Петровец.

Вкупната површина на проектниот опфат изнесува П(опфат)=1,907ха (19072,05м^2), вкупната површина на дефинираната градежна парцела со овој урбанистички проект изнесува П(градежна парцела)=1,907ха (19072,05м^2) во чиишто рамки се утврдуваат површините за градење.

Содржините и нивната поставеност се утврдени врз основа на важечките прописи и стандарди за овој вид на објекти и истите се соодветно вградени во Урбанистичкиот проект.

Локацијата каде се формира градежна парцела ГП1.1 е предмет на овој урбанистички проект за изградба на градби со намена А4.6 – Авокамп.

Согласно Проектната програма со овој Урбанистички проект потребно е да се дефинираат архитектонско-урбанистичките параметри за реализација на планираните градби во рамките на предметната градежна парцела, односно да се дефинираат насоките за изработка на Основните проекти за планираните градби, содржините кои не претставуват градба, како и потребната инфраструктурата за непречено функционирање.

Проценките за можен број на корисници на овие услуги според идејниот проект се движат од 50% искористеност за време на сезона од четири месеци и 25% искористеност вон сезона за време од пет месеци, до песимистичка варијанта од 10% искористеност во сезона и 5% искористеност вон сезона.

Капацитетот на автокампот во идејниот проект е предвиден за околу 100 гости.

Автокампот, како комплекс ги содржи следните градби, односно елементи

- Ресторан со рецепција
- Заеднички санитарии
- Бунгалови
- Портирница со рампа
- Парцелизирани места за кампување

Инфраструктура во градената парцела

- Манипулативен простор
- Паркинг простор
- Внатрешна улица -рампа
- Сообраќајници, тротоари и стационарен сообраќај
- Ниско и високо зеленило
- Придружни елементи на инфраструктурните линии: канали, шахти, пропусти и сл

Површините за градба, висините на градбите, процентот на изграденост, коефициент на искористеност и другите урбанистички параметри ќе се определат согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

2.2.1. Наменска употреба на земјиштето – класи на намени

Наменската употреба на земјиштето за овој Урбанистички проект припаѓа на **групата на класи на намена – А (Домување)** е поддефинирана како**:**

- **А4.6** – Автокамп.

2.2.2. Регулаторни линии

Регулаторни линии се линиски плански одредби кои го разграничуваат градежното земјиште од аспект на носителот на правото за градење и од аспект на намената на земјиштетп во градежната парцела , односно диспозицијата на планираните градби.

Регулаторни линии се:

- Регулациона линија, со ознака Р.Л.

- Граница на градежната парцела, со ознака Г.Г.П. и

- Градежна линија, со ознака Г.Л.

2.2.3. Регулациона линија (Р.Л.)

Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежното земјиште за општа употреба и парцелираното градежно земјиште за поединечна употреба. Во графичкиот приказ регулационата линија е означена со полна зелена линија со дебелина од 0,75мм.

2.2.4. Граница на градежна парцела (Г.Г.П.)

Границата на градежна парцела претставува линија на разграничување помеѓу две соседни градежни парцели, односно линија на разграничување на носителите на правото на градење. Во графичкиот приказ границата на градежната парцела е означена со полна зелена линија со дебелина од 0,5мм.

2.2.5. Градежна парцела (Г.П.)

Градежна парцела е основна, најмала и неделива единица на граежното земјиште која во урбанистичкото планирање претставува најмала површинска единица за планирање на просторот во кој се врши деталната агрегација на податоците, урбанистичките параметри и планските одредби.

На ниво на проектниот опфат е планирана 1 (една) градежна парцела и е означена со соодветна намена и ознака.

Градежнита парцела е означена со арапски цифри (1.1).

Границата на градежната парцела формира површина од $П_{(градежна\ парцела)}$=1,907ха (19072,5м^2).

2.2.6. Градежна линија (Г.Л.)

Градежната линија е регулаторна линија во урбанистичкиот план/проект која ја определува и ограничува површината за градење во рамките на градежната парцела односно линија до којашто во градежната парцела може да се планира површина за градење или изградба на објект. Во графичкиот приказ градежната линија е означена со полна црна линија со дебелина од 0,5мм.

2.2.7. Површини за градење

Во градежните парцели е утврден простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, согласно дозволениот процент на изграденост на земјиштето. Во нумеричките показатели зададена е максималната површина за изградба на повеќе градби во утврдениот простор. Таа изнесува П(вк.површина за градење)= 10434,05м^2 во која се планирани 18 површини за градење со П(вк.површина за градење)=3937м^2.

Во рамките на утврдената површина за градење предвидени се осумнаесет (18) површини за градење и тоа за:

- Градба 1.1.1 – ресторан со рецепција,

- Градба 1.1.2 – заеднички санитарии,
- Градба 1.1.3 – бунгалов,
- Градба 1.1.4 – бунгалов,
- Градба 1.1.5 – бунгалов ,
- Градба 1.1.6 – портирница со рампа,
- Градба 1.1.7 – 2 утврдени места за кампување,
- Градба 1.1.8 – 7 утврдени места за кампување,
- Градба 1.1.9 – 3 утврдени места за кампување,
- Градба 1.1.10 – 4 утврдени места за кампување,
- Градба 1.1.11 – 2 утврдени места за кампување,
- Градба 1.1.12 – 8 утврдени места за кампување,
- Градба 1.1.13 – 5 утврдени места за кампување,
- Градба 1.1.14 – 8 утврдени места за кампување,
- Градба 1.1.15 – 5 утврдени места за кампување,
- Градба 1.1.16 – 3 утврдени места за кампување,
- Градба 1.1.17 – 3 утврдени места за кампување,
- Градба 1.1.18 – трафостаница,
- Градба 1.1.19 – пречистителна станица.

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА АВТОКАМП, КО КАТЛАНОВО, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ, ТЕХ.БР. F0521										
НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА 1.1										
Г.П. Бр.	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (m²)	ПОЕДИНЕЧНА КЛАСА НА НАМЕНА	МАКСИМАЛНА ПОВРШИНА НА ГРАДБА ВО ПРИЗЕМЈЕ (m²)	МАКСИМАЛНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА НА СИТЕ НИВОА (m²)	МАКСИМАЛЕН БРОЈ НА НИВОИ (КАТОВИ)	КАТНОСТ	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ ВО ОДНОС НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА (%)	МАКСИМАЛЕН ДОЗВОЛЕН КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ (k)	МАКСИМАЛНА ДОЗВОЛЕНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ (m')	ПАРКИРАЊЕ
1.1	19,072	А4.6 АВТОКАМП	3,937	3,937	1	П	20.6	0.21	4.50	38

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА АВТОКАМП, КО КАТЛАНОВО, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ, ТЕХ.БР. F0521										
НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА 1.1										
Г.П. Бр.	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (m²)	БРОЈ НА ГРАДБА	КЛАСИФИКАЦИЈА НА ВИДОВИ ГРАДБИ	ПОЕДИНЕЧНА КЛАСА НА НАМЕНА	МАКСИМАЛНА ПОВРШИНА НА ГРАДБА ВО ПРИЗЕМЈЕ (m²)	МАКСИМАЛНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА НА СИТЕ НИВОА (m²)	МАКСИМАЛЕН БРОЈ НА НИВОИ (КАТОВИ)	КАТНОСТ	МАКСИМАЛНА ДОЗВОЛЕНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ (m')	ПАРКИРАЊЕ
1.1	19,072	1.1.1	РЕСТОРАН СО РЕЦЕПЦИЈА	**Е4.6** - Автокамп	198	198	1	П	4.50	38
		1.1.2	ЗАЕДНИЧКИ САНИТАРИИ	**Е4.6** - Автокамп	99	99	1	П	4.50	
		1.1.3	БУНГАЛОВ	**Е4.6** - Автокамп	147	147	1	П	4.50	
		1.1.4	БУНГАЛОВ	**Е4.6** - Автокамп	40	40	1	П	4.50	
		1.1.5	БУНГАЛОВ	**Е4.6** - Автокамп	40	40	1	П	4.50	
		1.1.6	ПОРТИРНИЦА СО РАМПА	**Е4.6** - Автокамп	9	9	1	П	4.50	
		1.1.7	2 УТВРДЕНИ МЕСТА ЗА КАМПУВАЊЕ	**Е4.6** - Автокамп	135	135	/	/	/	
		1.1.8	7 УТВРДЕНИ МЕСТА ЗА КАМПУВАЊЕ	**Е4.6** - Автокамп	472	472	/	/	/	
		1.1.9	3 УТВРДЕНИ МЕСТА ЗА КАМПУВАЊЕ	**Е4.6** - Автокамп	203	203	/	/	/	
		1.1.10	4 УТВРДЕНИ МЕСТА ЗА КАМПУВАЊЕ	**Е4.6** - Автокамп	270	270	/	/	/	
		1.1.11	2 УТВРДЕНИ МЕСТА ЗА КАМПУВАЊЕ	**Е4.6** - Автокамп	135	135	/	/	/	
		1.1.12	8 УТВРДЕНИ МЕСТА ЗА КАМПУВАЊЕ	**Е4.6** - Автокамп	540	540	/	/	/	
		1.1.13	5 УТВРДЕНИ МЕСТА ЗА КАМПУВАЊЕ	**Е4.6** - Автокамп	338	338	/	/	/	
		1.1.14	8 УТВРДЕНИ МЕСТА ЗА КАМПУВАЊЕ	**Е4.6** - Автокамп	540	540	/	/	/	
		1.1.15	5 УТВРДЕНИ МЕСТА ЗА КАМПУВАЊЕ	**Е4.6** - Автокамп	338	338	/	/	/	
		1.1.16	3 УТВРДЕНИ МЕСТА ЗА КАМПУВАЊЕ	**Е4.6** - Автокамп	203	203	/	/	/	
		1.1.17	3 УТВРДЕНИ МЕСТА ЗА КАМПУВАЊЕ	**Е4.6** - Автокамп	203	203	/	/	/	
		1.1.18	ТРАФОСТАНИЦА	**Е4.6** - Автокамп	16	16	1	П	4.50	
		1.1.19	ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА	**Е4.6** - Автокамп	14	14	1	П	3.00	
				ВКУПНО:	3,937	3,937	1	П	4.50	38

2.2.8. Максимална висина на градбите (Н мах.)

Максималната височина за градба е планска одредба со која се утврдува дозволената височина за градбата на вертикална рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија или дозволеното.

Максималната височина на градбата се одредува на онаа страна на површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела и притоа се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри.

Со предметниот УП се предвидува висина на завршниот венец на градбите 4.50м', додека бројот на катови е П (приземје).

2.2.9. Процент на изграденост (Р%)

Процентот на изграденост на земјиштето е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Во предметниот Урбанистички проект за градежната парцела оваа величина изнесува Р%=20.6%.

2.2.10. Коефициент на искористеност (к)

Коефициентот на искористеност е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште. Во предметниот Урбанистички проект за градежната парцела оваа величина изнесува k=0,21.

2.2.11. Образложение на содржината на градбите во градежната парцела

Согласно Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.32/20) во рамките на градежната парцела 1.1 со група на класа на намена А – Домување, класа на намена А4.6 – Автокамп, се формираат површини за градење со градежни линии и нумерација, намена на градбите, максимална височина изразена во метри, при што е дефиниран процентот на изграденост и коефициентот на искористеност на земјиштето на градежната парцела, почитувајки ги и одредбите на Законот за урбанистичко планирање и подзаконските акти коишто произлегуваат од него: Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Со оваа проектна документација се определуваат сите параметри за градбите и инфраструктурата кои се предвидуваат во рамки на ГП 1.1. Истата ќе биде основа за

изработка на основните проекти за градбите и инфраструктурата, со цел издавање на одобрение за градење и изградба и реализација на Автокамп. Во решавањето на урбанистичкото решение на градежната парцела, како подлога за насоки е користена потпишаната **Проектна програма**.

3. НАМЕНА И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ЈАВНА УПОТРЕБА

Во рамките на проектниот опфат предвидена е една група на класа на намена – А (Домување) односно класа на намена А4.6 – Автокамп во кој се предвидени заштитни зеленила во склоп на Градежната парцела како и внатрешно високо и ниско зеленило.

4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Со планот се утврдуваат насоки за планските решенија за инфраструктурата.

Имајќи ги предвид специфичноста на градбите и нивната диспозиција, инфраструктурата која е во рамки на проектниот опфат, но и во градежната парцела, ќе се додефинира преку изработка на основните проекти.

На овој простор условеноста од програмските барања и постојната состојба значително ги диктира проектните решенија за сообраќајниците, за водоводните и атмосферските инфраструктурни водови, како и за електро-енергетската и електронско-комуникациската инфраструктура, кои се во директна зависност од внатрешната улична мрежа, но и технолошкиот процес за функционирање на автокампот.

Водењето на инфраструктурата ќе биде во инфраструктурни коридори.

4.1. Сообраќајна инфраструктура

Сообраќајниот концепт на планираната патна и улична мрежа во просторот што е дефиниран во проектниот опфат е утврден врз основа на:

- Проектна програма,
- Урбанистичкиот концепт (идејни проекти за објекти),
- Правилникот за урбанистичко планирање, (Сл. весник на РМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23),
- Ажурирана геодетска подлога.

4.1.1. Сообраќајно поврзување

Предметната локација се наоѓа во општина Петровец, во селото Катланово, 500м западно од Катлановската Бања.

Во непосредна близина на опфатениот локалитет, на неговата западна, егзистира постојниот магистрален пат **А1** (М - 1**) -** (Граница со Србија – ГП Табановце – Куманово – Велес – Неготино – Демир Капија – Гевгелија – граница со Грција – ГП Богородица и делница Градско - Прилеп – врска со А3) кој е поврзан со регионалните патишта Р1102 - (Врска со А2 обиколница Скопје – Катланово – Велес –Неготино -Демир Капија); и Р2131 – Драчево (врска со Р1106)-Орешани-Таор-Катланово (врска со Р1102) и асвалтиран пристапен пат со кој се обезбедува пристап до проектниот опфат.

4.1.2. Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места

<u>Улична мрежа</u>

*** Новопланирана пристапна улица “1”**

Новопланираната пристапна улица е дефинирана со следна структура на сообреќајниот профил:



*** Новопланирана пристапна улица "1**

коловоз.....2 x 2,75= 5,50m'

Вкупната должина на новопланирана пристапна улица „1" изнесува:
- Новопланирана пристапна улица„1" .....L=531 m'

*** Стационарен сообраќај - паркирање**

Во градежната парцела во близина на влезната партија се испроектирани сообраќајни површини наменети за паркинг простор со капацититативна можност за паркирање на 38 возила. Бројот на паркинг места за автомобили е прикажан во ситуационото решение. Димензионирањето на паркинг просторот е согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и едно паркинг место за лесни моторни возила е со димензии 2,5м' х 5,0м', вкупно има 38 паркинг места. Предвидено е едно паркинг место со димензии 3,75м' х 5,0м' за лица со посебни потреби.

4.1.3. Нивелманско решение на патната и улична мрежа

Нивелманското решение на патната и уличната мрежа е изработено со предметниот Урбанистички проект. Земајќи предвид дека конфиргурацијата на теренот е со различна топографина, границите на најмал и најголем нивелман се движат од минимум 0,3% до максимум 6,0%.

Нивелманското решение на уличната мрежа во рамки на патната и улична мрежа ќе се додефинира со соодветна проектна документација во понатамошната фаза при реализацијата на комплексот-автокамп.

4.1.4. Услови за движење на лица со посебни потреби

За обезбедување услови за движење на лица со посебни потреби во проектираната сообраќајна мрежа применети се стандардите и нормативите од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

За пристап во градбите со основните проекти ќе биде задолжително применување на стандардите и нормативите од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

При изработка на основните проекти за уличната мрежа да се внимава при одредувањето на позициите за улични светилки, комунална опрема и инфраструктурни канали со цел да не го нарушуваат пешачкото движење и да создадат бариери од привремен или постојан вид, со цел непречено пешачко движење, вклучително и на лицата со инвалидитет кои користат протези и помагала при движењето. Контактот со коловозот на местата утврдени за пешачки премин да се обезбеди преку рампи со соодветен наклон.

4.2. Водостопанска инфраструктура

4.2.1. Водоснабдителна инфраструктура

За водоснабдување на објектите се предвидува изградба на една водоснабдителна мрежа Ф 80 (санитарна вода, вода за тоалети, за наводнување на зеленилото и одржување на комуналната хигиена-миење на улиците) која би се надоврзала на веќе постоечкиот водоснадителен систем на село Катланово.

Предвидени се 10 славини, распоредени на оптимално растојание од 30-40м. за водоснабдување на камперите.

<u>Одведување на отпадните води</u>

Отпадните води од автокампот ќе се пречистуваат во локална пречистителна станица која ќе биде изведена за потребите на автокампот во рамки на проектниот опфат и од неа ќе се се испуштаат во реципиентот – река Пчиња.

За заштита на објектите во границата на опфатот и за заштита на автокампот од атмосферските води се предвидува изградба на атмоферска инфраструктура, односно ќе се изведат канали за одводнување долж сообраќајниците кои што ќе се изведат во рамки на кампот и проектниот опфат.

Предвидена е локација за уред за чистење на хемиските тоалети од трејлерите во близина на тоалетите и пречистителната станица.

4.3. Електро-енергетска и електронско-комуникациска инфраструктура и јавно осветлување

4.3.1. Електро-енергетска инфраструктура

За корисниците од автокампот предвидена е среднонапонска дистрибутивна мрежа. Врз основа на бараните податоци и информации до (ЕВН) Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје за предметниот опфат и доставениот одговор со арх.бр.10-25/2-1611 од 03.03.2023г каде известуваат дека на предметниот опфат ма 0.4 kV Надземна мрежа и е потребно да се предвди маркица за трансформаторска станица со посебна градежна парцела со соодветна намена, со приклучен подземен среднонапонски вод, како и обезбеден пристап за тешко товарно возило и излез на јавен пат. Предвидена е напојна дистрибутивна трафостаница 10/0,4kV; 400kVA. Приклучниот електровод, како и напојната точка на ова трафостаница ќе биде дефинирана со планска/проектна документација и во договор со овластен дистрибутер на електрична енергија.

За сите потрошувачи за кои е потребно приклучување на нисконапонската електромрежа, предвидено е дирекно мрежно напојување.

Електрокаблите ќе бидат поставени во инфраструктурни коридори а при нивната изведба треба да се почитуваат “Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија” (2019).

4.3.2. Електронско - комуникациска инфраструктура

За приклучок на корисниците од автокампот предвидена е електронско-комуникациска пристапна мрежа. Предвиден е приклучен електронско-комуникациски ормар, кој со оптички кабел ќе се поврзе на постојната електронско-комуникациска мрежа.

За создавање на услови за користење на широкопојасен интернет локацијава, пристапниот пат како и поширокото опкружување треба да бидат покриени со сигнал на мобилните оператори.

4.3.3. Надворешно осветлување

Сообраќајницата во автокампот е опфатена е со инсталација за надворешно осветлување. Светилките ќе се поставуваат на метални столбови со височина од 6-8м на бетонски фундаменти лоцирани надвор од коловозните површини.

5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, ПРИРОДАТА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ И МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА СОЗДАВАЊЕ НА БАРИЕРИ НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

5.1. Мерки за заштита на културното наследство

Согласно Законот за урбанистичко планирање во просторните и урбанистички план ови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Недвижното културно наследство е поделено на видови: споменици, споменични целини и културни предели.

За потребите за изработка на Урбанистичкиот проект за Автокамп, КО Катланово, Општина Петровец доставено е Барање за податоци и информации (арх. бр. 0902-534/1 од 28.02.2023г.) и Опомена за податоци и информации (арх. бр. 0902-534/2 од 17.03.2023г.) до Министерството за култура, Управа за заштита на културното наследство – Скопје. Согласно Дописот од Управата за заштита на културното наследство со бр. 17-1839/2 од 14.06.2023год. се укажува на изработените Заштитно-конзерваторски основи за културното наследство, основи за подрачје на опфат на село Катланово, општина Петровец со бр. 08-330/27 од 25.12.2017год. а одобрени од Управата за заштита на културното наследство (УП 17-21 од 18.01.2018год.) чии одредби и мерки треба да бидат почитувани и применувани во спроведувањето на Урбанистичкиот проект.

Согласно Условите за планирање на просторот, на подрачјето на катастарската општина Катланово, кое е предмет на анализа има регистрирани и евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат).

1. *Археолошки локалитет "Римски Бањи", Катланово, римски период*
2. *Археолошки локалитет "Црквиште", Катланово, римски период*

Во Археолошката карта на Република Македонија[1], која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина, евидентирани се следните локалитети:

КО Катланово – *Доксаница,* населба од неолитско и бронзано време и некропола од римско време,на околу 4 km јужно од селото, *Катланово*, осамени наоди од римско време, *Кочкова Населба,*некропола од доцноантичко време,на околу 400 m северно од локалитетот Римски Бањи, *Рамниште,* населба од римско време, на 500 m западно од селото, *Црквиште,* некропола од римско време, на левиот брег на Пчиња,под населбата Катлановска Бања.

[1] **МАНУ Скопје, 1996г.**

Во прилог изворно се дадени одредбите кои се однесуваат на археолошкото наоѓалиште: „Црквиште“ и истите потекнуваат од Заштитно-конзерваторски основи за културното наследство, основи за подрачје на опфат на село Катланово, општина Петровец со бр. 08-330/27 од 25.12.2017год. а одобрени од Управата за заштита на културното наследство (УП 17-21 од 18.01.2018год.):

1. Археолошко наоѓалиште – "Црквиште", с. Катланово, Општина Петровец

назив	Археолошко наоѓалиште – "Црквиште", с. Катланово, Општина Петровец
локација	село Катланово, Општина Петровец
граници на доброто	Границите на доброто дадени се подолу.
координати на границите на доброто	Координатите на границите на доброто дадени се подолу.
катастарски парцели (КП) во границите на доброто	Катастарските парцели (КП) во границите на доброто дадени се подолу.
катастарски парцели (КП) со кои граничи доброто	Катастарските парцели (КП) со кои граничи доброто дадени се подолу.
граници на делот од доброто во опфатот на УП за село Катланово	Границите на делот од доброто кој влегува во опфатот на Урбанистичкиот план за село Катланово дадени се подолу.
координати на границите на делот од доброто во опфатот на УП за село Катланово	Координатите на границите на делот од доброто кој влегува во опфатот на Урбанистичкиот план за село Катланово дадени се подолу.
катастарски парцели (КП) во границите на делот од доброто во опфатот на УП за село Катланово	Катастарските парцели (КП) во границите на делот од доброто кој влегува во опфатот на Урбанистичкиот план за село Катланово дадени се подолу.
катастарски парцели (КП) со кои граничи делот од доброто во опфатот на УП за село Катланово	Катастароките парцели (КП) со кои граничи делот од доброто кој влегува во опфатот на Урбанистичкиот план за село Катланово дадени се подолу.
контактна зона	нема
површина на доброто	24.922,97 м² (2,49 хектари)
површина на делот од доброто во опфатот на УП за село Горно Сонье	5.270,69 м² (0,53 хектари)
време на настанување	римско време
вид	некропола

Граници на доброто:

Археолошкото наоѓалиште – "Црквиште", с. Катланово, Општина Петровец, ги има следните граници:

- ***Север*** – Северната граница започнува во пресечната точка на западната граница на КП 91/1 со линија што ја сече КП 91/1 и оди кон исток по линијата што ја сече КП 91/1 до пресечната точка со источната граница на Некрополата.
- ***Исток*** – Источната граница започнува во пресечната точка на северната граница на Некрополата со линија што ја сече КП 91/1 и оди кон југ по линијата што ја сече КП 91/1 до пресечната точка со јужната граница на Некрополата.
- ***Југ*** – Јужната граница започнува во пресечната точка на источната граница на Некрополата со линија што ги сече КП 91/1 и КП 1690/1 (река Пчиња) и оди кон запад по линијата што ги сече КП 91/1 и КП 1690/1 (река Пчиња) до пресечната точка со западната граница на Некрополата.
- ***Запад*** – Западната граница започнува во пресечната точка на јужната граница на Некрополата со продолжувањето на линијата на западната граница на КП 1690/9 и оди кон север по продолжувањето на линијата на западната граница на КП 1690/9, западната граница на КП 1690/9, КП 1690/8, КП 1690/7, КП 1690/6, КП 1690/5, КП 1690/4 и КП 1690/3, западната и северната граница на КП 1690/2, западната граница на КП 91/2, дел од западната граница на КП 91/1 до пресечната точка со северната граница на Некрополата.

Координати на границите на доброто:

Според ажурираната подлога, границите на Археолошкото наоѓалиште – "Црквиште", с. Катланово, Општина Петровец, имаат вкупно 37 точки на прекршување, со нумерација од реден број 1 до реден број 37, при што точката 37 е идентична со точката 1.

На северната граница на подрачјето на опфат припаѓаат точките од реден број 1 до реден број 2 (нумерација од запад кон исток), на источната граница припаѓаат точките од реден број 2 до реден број 10 (нумерација од север кон југ), на јужната граница припаѓаат точките од реден број 10 до реден број 18 (нумерација од исток кон запад) и на западната граница припаѓаат точките од реден број 18 до реден број 37 односно реден број 1 (нумерација од југ кон север).

Точките на прекршување на границите на подрачјето на опфат ги имаат следните координати (X, Y):

точка 1 (557265.8930, 639690.9370), точка 2 (557334.1896, 639676.5381),
точка 3 (557330.6855, 639639.0669), точка 4 (557340.9649, 639584.9530),
точка 5 (557347.8183, 639558.2387), точка 6 (557356.7275, 639529.4694),
точка 7 (557368.3783, 639496.5899), точка 8 (557389.6131, 639469.0514),
точка 9 (557394.4748, 639431.1499), точка 10 (557397.3918, 639418.0301),
точка 11 (557393.0163, 639408.7977), точка 12 (557370.7482, 639397.8955),
точка 13 (557366.7353, 639391.9973), точка 14 (557352.4681, 639379.4182),
точка 15 (557346.3375, 639375.1953), точка 16 (557338.8814, 639372.9596),
точка 17 (557333.0822, 639371.8832), точка 18 (557328.8571, 639370.2686),
точка 19 (557319.7590, 639391.0950), точка 20 (557312.7890, 639408.8790),
точка 21 (557308.5990, 639419.0490), точка 22 (557300.4940, 639437.7240),
точка 23 (557294.9870, 639449.9880), точка 24 (557289.5920, 639462.0000),
точка 25 (557285.8034, 639472.4844), точка 26 (557276.4020, 639495.6200),
точка 27 (557274.4250, 639501.4970), точка 28 (557273.3020, 639501.1530),
точка 29 (557268.4440, 639515.8990), точка 30 (557267.8680, 639518.6350),
точка 31 (557271.9670, 639519.0210), точка 32 (557271.1680, 639524.1850),
точка 33 (557274.0120, 639524.7910), точка 34 (557256.5130, 639580.5690),
точка 35 (557259.7400, 639626.1700), точка 36 (557260.0830, 639628.7290),
точка 37 (557265.8930, 639690.9370).

Точките на прекршување ги имаат следните координати (X, Y):

точка 1 (557281.4182, 639483.0397), точка 2 (557287.3558, 639483.5894),
точка 3 (557338.0473, 639488.2826), точка 4 (557359.6807, 639449.4171),
точка 5 (557370.1687, 639412.3500), точка 6 (557370.4364, 639407.2454),
точка 7 (557342.9900, 639398.6870), точка 8 (557327.9400, 639394.2100),
точка 9 (557319.7590, 639391.0950), точка 10 (557312.7890, 639408.8790),
точка 11 (557308.5990, 639419.0490), точка 12 (557300.4940, 639437.7240),
точка 13 (557294.9870, 639449.9880), точка 14 (557289.5920, 639462.0000),
точка 15 (557285.6520, 639472.4240), точка 16 (557281.4182, 639483.0397).

Катастарски парцели (КП) во границите на делот од доброто кој влегува во подрачјето на опфат на Урбанистичкиот план за село Катланово, Општина Петровец:

Во границите на делот од Археолошкото наоѓалиште – "Црквиште", с. Катланово, Општина Петровец, кој влегува во подрачјето на опфат на Урбанистичкиот план за село Катланово, Општина Петровец, се наоѓаат следните катастарски парцели кои припаѓаат на КО Катланово: дел од КП 91/1, КП 91/4, КП 91/6, дел од КП 91/9, КП 91/10, КП 91/11, КП 91/12, КП 91/13, дел од КП 1690/3, КП 1690/4, КП 1690/5, КП 1690/6, КП 1690/7, КП 1690/8, КП 1690/9.

Катастарски парцели (КП) со кои граничи делот од доброто кој влегува во подрачјето на опфат на Урбанистичкиот план за село Катланово, Општина Петровец:

Делот од Археолошкото наоѓалиште – "Црквиште", с. Катланово, Општина Петровец, кој влегува во подрачјето на опфат на Урбанистичкиот план за село Катланово, Општина Петровец, граничи со следните катастарски парцели кои припаѓаат на КО Катланово:

- ***Север*** – Делови од КП 1690/3, КП 91/9 и КП 91/1.
- ***Исток*** – Дел од КП 91/1.
- ***Југ*** – Делови од КП 91/1 и КП 1690/1 (река Пчиња).
- ***Запад*** – КП 1690/1 (река Пчиња).

Образложение:

Археолошкото наоѓалиште - "Црквиште", с. Катланово, Општина Петровец, е некропола која се наоѓа на левиот брег на реката Пчиња, под населбата Катлановска Бања, на просторот од патот за Градманци па сé до коритото на реката Пчиња. На овој простор се откриени гробови со конструкции од големи камени плочи и саркофази. Во Археолошката карта на Р. Македонија е наведено дека од страна на лицето П. Синадиновски од Катлановска бања е откриен вотивен споменик - мермерна плоча со димензии од 55 x 38 см., на која има рељефна претстава на три женски ликови со садови во рацете. Плочата се чува во Музејот на Македонија.

По површината на локалитетот со нашите рекогносцирања не беа откриени наоди или индиции за гробови, веројатно поради силната урбанизација на овој простор и густата вегетација што го опфаќа целиот простор сé до коритото на реката Пчиња.

Археолошкото наоѓалиште "Црквиште" во географските и катастарски карти за КО Катланово припаѓа во подрачјето заведен под топонимот "Присој", а името на локалитетот ("Црквиште") веројатно потекнува од народното предание, кое е земено како поим за означување на место во кое има стари гробови. Имајќи го предвид досегашниот назив на локалитетот, кој, како таков е заведен во археолошката стручна литература и покрај тоа што катастарски припаѓа во друг топоним, го земаме за адекватен без да го преименуваме.

Катастарски парцели (КП) во границите на доброто:

Во границите на Археолошкото наоѓалиште – "Црквиште", с. Катланово, Општина Петровец, се наоѓаат следните катастарски парцели кои припаѓаат на КО Катланово: дел од КП 91/1, КП 91/2, КП 91/3, КП 91/4, КП 91/6, КП 91/7, КП 91/9, КП 91/10, КП 91/11, КП 91/12, КП 91/13, КП 91/19, КП 91/20, КП 91/22, дел од КП 1690/1 (река Пчиња), КП 1690/2, КП 1690/3, КП 1690/4, КП 1690/5, КП 1690/6, КП 1690/7, КП 1690/8, КП 1690/9.

Катастарски парцели (КП) со кои граничи доброто:

Археолошкото наоѓалиште – "Црквиште", с. Катланово, Општина Петровец, граничи со следните катастарски парцели кои припаѓаат на КО Катланово:

- ***Север*** и ***Исток*** – Дел од КП 91/1.
- ***Југ*** – Делови од КП 91/1 и КП 1690/1 (река Пчиња).
- ***Запад*** – КП 1690/1 (река Пчиња).

Граници на делот од доброто кој влегува во подрачјето на опфат на Урбанистичкиот план за село Катланово, Општина Петровец:

Делот од Археолошкото наоѓалиште – "Црквиште", с. Катланово, Општина Петровец, кој влегува во подрачјето на опфат на Урбанистичкиот план за село Катланово, Општина Петровец, ги има следните граници:

- ***Север*** – Северната граница на овој дел од доброто е дел од северната граница на подрачјето на опфат на планот односно започнува во пресечната точка на западната граница на КП 1690/3 со линијата што ги сече КП 1690/3, КП 91/9 и КП 91/1 и оди кон исток по дел од северната граница на подрачјето на опфат на планот односно по линијата што ги сече КП 1690/3, КП 91/9 и КП 91/1 до пресечната точка со линијата што ја сече КП 91/1 односно почетната точка на источната граница на подрачјето на опфат.
- ***Исток*** – Источната граница на овој дел од доброто е дел од источната граница на подрачјето на опфат на планот односно започнува во пресечната точка на северната граница на подрачјето на опфат на планот со линијата што ја сече КП 91/1 и оди кон југ по дел од источната граница на подрачјето на опфат на планот односно по линијата што ја сече КП 91/1 до пресечната точка со продолжувањето на линијата на јужната граница на КП 91/13.
- ***Југ*** – Јужната граница на овој дел од доброто е дел од источната граница на подрачјето на опфат на планот односно започнува во пресечната точка на линијата што ја сече КП 91/1 со продолжувањето на линијата на јужната граница на КП 91/13 и оди кон запад по дел од источната граница на подрачјето на опфат на планот односно по продолжувањето на линијата на јужната граница на КП 91/13, јужната граница на КП 91/13 и КП 1690/9 до југозападниот агол на КП 1690/9.
- ***Запад*** – Западната граница на овој дел од доброто е дел од западната граница на доброто односно започнува во југозападниот агол на КП 1690/9 и оди кон север по западната граница на 1690/9, 1690/8, 1690/7, 1690/6, 1690/5 и 1690/4, дел од западната граница на 1690/3 до пресечната точка со северната граница на овој дел од доброто.

Координати на границите на делот од доброто кој влегува во подрачјето на опфат на Урбанистичкиот план за село Катланово, Општина Петровец:

Границата на делот од Археолошкото наоѓалиште – "Црквиште", с. Катланово, Општина Петровец, кој влегува во подрачјето на опфат на Урбанистичкиот план за село Катланово, Општина Петровец, има вкупно 16 точки на прекршување, при што точката со реден број 16 е идентична со точката со реден број 1.

На северната граница припаѓаат точките од реден број 1 до реден број 3 (нумерација од запад кон исток), на источната граница припаѓаат точките од реден број 3 до реден број 6 (нумерација од север кон југ), на јужната граница припаѓаат точките од реден број 6 до реден број 9 (нумерација од исток кон запад) и на западната граница припаѓаат точките од реден број 9 до реден број 16 односно реден број 1 (нумерација од југ кон север).

Посебни мерки за заштита во границите на овој дел од доброте се однесуваат на следното:

- Задолжителни археолошки истражувања при доградба на постојни објекти или изградба на нови објекти, согласно Законот за заштита на културното наследство;
- Доколку со истражувањата се дојде до сознанија дека постојат значајни остатоци од градби, дополнително ќе бидат пропишани и други услови кои можат да вклучат и забрана за градење.

5.2. Мерки за заштита на животна средина

Загадувањето на животната средина подразбира емисија на загадувачки материи и супстанции во воздухот, водата или почвата, како резултат на антропогените активности, која може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од која може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина.

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап со кој се применуваат **заштитни мерки по настанатиот проблем**, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целина, **превентивната заштита** на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој.

Заштитата на животната средина, како темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8), е регулирана со Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 39/16, 99/18 и 89/22). Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. За заштита и унапредување на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области:

- Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Северна Македонија" број 100/12-пречистен текст, и бр. 163/13, 10/15, 146/15 и 151/21);
- Закон за управување со отпадот („Службен весник на Република Северна Македонија" број 216/21);
- Закон за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Северна Македонија" број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15 и 151/21);
- Закон за водите („Службен весник на Република Северна Македонија" број 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и 151/21);
- Закон за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и 151/21) и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Неопходно е предвидениот автокап во КО Катланово, да биде изградена во согласност со европските и националните закони и прописи за заштита на животната средина.

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина.

Превентивната заштита на животната средина, како нераздвоен елемент на современото планирање, уредување и урбанизација на просторот има клучна улога во креирањето на планските решенија во сите фази од изработка на проектната документација.

Мерки за заштита на квалитетот на воздухот

Во фазата на изградба на предвидените содржини, можно е да се појават одредени локални и краткорочни влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух. Во оваа фаза, мерките за заштита генерално треба да се фокусираат на техничко ниво, преку примена на незагадувачки и одржливи градежни суровини, помошни материјали, и гориво за механизацијата, како и повторна употреба на отпадните материјали.

Во експлоатациониот период неопходно е да се контролира и следи: испуштањето на депониските гасови (високите концентрации на јаглерод диоксид и метан кои се создаваат при разградување на органските отпадни материи во експлоатациониот период имаат токсично дејство врз биодиверзитетот во непосредната околина на автокампот, создаваат анаеробни почвени услови и ризик од експлозија) и редовното дневно покривање на одложениот отпад со покривен слој, со цел да се редуцира ширење на непријатната миризба, и разнесување на отпадоци, аеросоли и материјали од страна на ветер.

Потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита и да се спроведе контрола на прашината од активностите на локацијата, како и од транспортот по сообраќајниците во рамките на предметниот опфат и во негова непосредна околина. Исто така, треба да се преземат соодветни мерки и активности за отстранување на калта и шутот.

Мерки за заштита на квалитетот на водите

Неопходно е да се спроведат испитувања на движењата на подземните води на предвидената локација и во нејзина непосредна околина, со цел заштита на подземните води од загадување, како и заради зачувување на стабилноста на автокампот.

Да се воспостави ефикасен одводен систем за собирање на атмосферските води, кој ќе штити од навлегување на дождовната вода во автокампот, и ќе го намали количеството на создаден исцедок во автокампот. Собирни канали за атмосферски води се превидуваат да се изградат и покрај сообраќајниците, кои ќе бидат третирани во маслофаќач, а потоа спроведени кон реципиентот. Исто така, неопходно е да се изврши соодветно обложување и дренажа за да се спречи загадениот исцедок да влезе во подземните води.

Мерки за заштита на квалитетот на почвата

При реализацијата на предвидените активности на терен да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води.

Мерки за заштита од бучава

Во насока на минимизирање на бучавата и вибрациите се препорачува употреба на современа механизација во периодот на изградба и експлоатација, спроведување на мониторинг и запазување на дозволените нивоа на бучава во животната средина во текот на експлоатациониот период.

Мерки за управување со отпадот

Одложувањето на отпадот на автокампот треба да биде последна алтернатива во однос на сите останати можни начини за постапување со отпадот, односно приоритет е негова селекција и повторна употреба како секундарна суровина или извор на енергија.

Потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита и контрола на штетници, грабливци и животни со цел заштита од разнесување на отпадните материи, како и заштита и зачувување на животната средина во непосредна околина на автокампот, како и спречување на можноста за ширење на заразни болести.

При вршење на предвидените активности неопходно е да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат во непосредната околина.

Потребно е да се нагласи дека загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

Операторот на автокампот е должен да врши мониторинг и контрола на влијанието на автокампот врз животната средина и писмено да го известува надлежниот орган за вршење на стручни работи во животната средина за сите значителни негативни влијанија врз животната средина, утврдени со примена на постапките за контрола и за следење.

5.3. Мерки за заштита на природата

При планирањето и уредувањето на просторот се врши усогласување на намените во просторот низ одредена организација, при што е земена предвид заштитата и унапредувањето на природата, што подразбира грижа и одржување на одредени избрани подрачја или објекти, кои поради нивните специфични природни вредности се предмет на заштита.

Мерките за заштита се преземаат паралелно со планирањето и уредувањето на просторот, пред да се пристапи кон било каква интервенција, а согласно со одредбите пропишани во Закон за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 63/16, 113/18 и и 151/21) и Просторниот план на Република Македонија (Сл. Весник на РМ, бр.39/04).

Со Законот и стратешките плански документи се воспоставува одредена заштита на предел кој согласно регулативата е дефиниран како природно наследство, односно тоа се делови од природата и локалитети кои се состојат од геолошки, физичко-географски или биолошки формации или група на такви формации, кои имаат исклучителна вредност од естетска, конзерваториска или научна гледна точка. Природно наследство може да биде:

- заштитено подрачје,
- строго заштитен или заштитен див вид,
- карактеристични минерали и фосили,
- спелеолошки објекти или природна реткост.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, предметниот простор на кој се предвидува изградба на автокамп, КО Катланово Општина Петровец, се наоѓа во граници на заштитен споменик на природата Катлановски предел:

КАТЛАНОВСКИ ПРЕДЕЛ СП (споменик на природата - заштитен)

Се наоѓа на 27 km јужно од Скопје, на место каде реката Пчиња го всекла своето корито во Катлановскиот Рид и изградила куса, но мошне живописна и ретко убава клисура. На овој простор присутна е специфична појава на отворена пукнатина од неотектонско потекло, низ која повремено се дистрибуираат термоминерални води, од кои се наталожени импресивни драперасти наслаги на бигор. Должината на пукнатината изнесува 350 m, а ширина на отворот е до 30 см. Локалитетот зафаќа површина од 5442 ha. Тука се среќава асоцијацијата *Erythronio - Carpinetum orientalis.*

На левата страна на Пчиња непосредно крај одморалиштето на пензионерите, на падината околу 50 m над домот се среќава неверојатно интересна флора за услови во вакво подрачје, имено: *Erythronium dens canis, Galanthus graecus, Scilla bifolia, Fritillaria graeca var. gussichiae, Anemone ranunculoides* и др.

Оваа тектонска-хидротермална појава е единствена во нашата земја и претставува многу вредна компонента на листата на геодиверзитетот, а посебно место

може да има во едукативната дејност, во геонауката и како природна структура во просторот. Бездруго се работи и за рефугиуми на флора која води потекло од повлажно време.

Локалитетот е подложен на деградација и загрозеност. Регистрирано е берење на декоративните видови растенија. Секако дека оваа појава треба да се спречи.

Меѓународен статус според Меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (*International Union for Conservation of Nature and Natural Resources - IUCN*): III категорија и *режим на заштита*: 1, 2, 4 и 5.

Заштитна категорија према Меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (*International Union for Conservation of Nature and Natural Resources - IUCN*):

III категорија: Споменици на природата, Национални обележја

Овие категории обично содржат една или повеќе специфични природни обележја со извонредно национално значење, кои поради единственоста и реткоста, мораат да бидат заштитени. Овие специфични карактеристики за да бидат идеално заштитени треба да бидат ослободени од нарушувањата создадени со човечките активности или тие активности треба да бидат сведени на најмала можна мера, т.е. не треба да постои евиденција на такви активности. Овие области не се по големина одредени доколку содржат различност на карактеристики или репрезентативни екосистеми кои ќе ги оправдаат нивните вклучувања како национален парк. Големината не е значаен фактор, овие области треба само да бидат доволно големи за да го заштитат интегритетот на положбата. Иако оваа категорија може да има рекреативна и туристичка вредност, треба да биде управувана така, за да биде релативно ослободена од човековото вознемирување. Овие области може да ги поседуваат или управуваат две централи или други државни владини агенции или организации толку долго колку е потребно да се осигури дека ќе бидат уредени кон заштита на нивните важни карактеристики за подолг период.

Режими на заштита согласно валоризацијата дадена во Просторниот план на Република Македонија (2004 година) - Експертски елаборат за заштита на природното наследство:

РЗ 1: Режим на заштита за геолошко-палеонтолошки и минеролошко-петрографски споменици

О г р а н и ч у в а њ а:

По правило треба да биде забрането:

- да се откопуваат, да се кршат или да се разбиваат камења односно скаменети споменици на природата на потесното подрачје на геолошко-палентолошкиот или минералошко-петрографскиот споменик;
- стопански да се искористуваат (одземаат) стени, кои се предмет на заштита (проширување на каменолом, песочиште итн.);
- земјени работи (на пр. рамнење, вдлабнување на теренот и сл.), кои посредно или непосредно можат да му наштетат на геолошко-палеонтолошкиот или минералошко-петрографскиот споменик;
- сите видови градби (куќи, инфраструктурни објекти и т.н.) на потесното подрачје на геолошко-палеонтолошкиот или минералошко-петрографскиот споменик;
- да се засипуваат геолошки профили или голини;
- да се минираат или да се предизвикуваат вибрации кои можат да го оштетат геолошко-палеонтолошкиот или минералошко-петрографскиот споменик.
- По исклучок и по претходна согласност на соодветната служба за заштита би било можно:
- да се уреди геолошко-палеонтолошкиот или минералошко-петрографскиот споменик за посета на јавноста (на пр. да се изградат патишта за посетителите, разгледишта или одморалишта, да се обработат или претстават значајни геолошки профили или скаменувања, да се постават табли со известувања итн.)

- да се земаат примероци од камења или скаменувања за научно-истражувачки и културно-воспитни потреби.

Забелешка:

Домашните научно-истражувачки организации, кои се занимаваат со геолошко-палеонтолошки, минералошко-петрографски односно природонаучни истражувања можат, да добијат општа дозвола за научни истражувања на геолошко палеонтолошки или минералошко-петрографски споменици дури откако ќе ги засноваат своите потреби и откако ќе бидат запознаени со порано наведените и со други можни заштитни услови и правила. На соответната служба за заштита треба само да ја јават датата и должината на времето на траење на секоја посета и видот на научното истражување како и името (имињата) на истражувачите односно соработниците кои го извршуваат испитувањето.

Дозволено е:

6. стопански да се искористуваат подрачјата на геолошко палеонтолошкиот или минералошко-петрографскиот споменик, ако тоа не е во спротивност со намената за заштитата (на пр. косидба, пасење, обработка на земја, шумско искористување и т.н.).

7. да се искористуваат рудните богатства, односно минералните суровини (на пр. каменолом, песочишта и т.н.) на точно обележено подрачје, ако тоа не го загрозува објектот кој претставува геолошко-палеонтолошки или минералошко петрографски споменик, посетата на јавноста (доколку тоа не е забрането од други причини).

РЗ 2: Режим на заштита за површински геоморфолошки споменици

О г р а н и ч у в а њ а:

Според правилата треба да биде забранета секоја дејност која би го обезвреднила, оштетила или уништила споменикот и би му ја изменила неговата своевидност, која посебно се однесува на:

- градежни работи (градење патишта и инфраструктурни објекти), откопување или засипување на теренот во потесното подрачје на споменикот на природата;
- градење на сите видови градби во потесното подрачје на споменикот на природата;
- поставување или полагање на површински енергетски водови на потесното подрачје на споменикот на природата (на пр. електрични водови, гасоводи, нафтоводи, телефонски водови итн.);
- копање или стопанско искористување на рудните богатства на потесното подрачје или споменикот на природата;
- фрлање одпадоци на поширокото или потесното подрачје на споменикот на природата;
- поставување рекламни или други видови табли, знамиња или светлосни натписи на поширокото подрачје на споменикот на природата;
- сокривање или нарушување на поважните видици на споменикот со нови градби, огради, антени, жичани водови итн. на поширокото или потесното подрачје на споменикот;
- изведување на екскурзии, спортови (на пр. качување по карпести обелисци) кои се опасни за извршувачот, но и за природниот соменик.

По исклучок и по претходна согласност на соодветната служба за заштита можно е:

- да се уреди споменикот на природата за посета на јавноста (да се изградат на пр. врвици и патишта за посетителите, видици, одморалишта, да се направат огради, табли со известувања или забрани итн.);
- отстранувањето на вегетацијата поради подобар изглед на споменикот на природата (на пр. кастрење дрвја и грмушки што го запираат видикот кон споменикот) итн.
- такво научно истражување, кое би можело да ја загрози карактеристиката на споменикот на природата (на пр. земање на камени примероци, сондирање на теренот итн.);

– поставување на спомен табли на поширокото подрачје на споменикот на природата.

Забелешка:

Домашните научно истражувачки организации кои се занимаваат со геоморфолошки и други природо-научни истражувања можат да добијат општа дозвола за научни истражувања на геоморфолошките споменици откако ке ги засноваат своите потреби и откако ќе бидат запознаени со порано наведените и со други можни заштитни услови и правила. На соодветната служба за заштита треба само да и ја јават датата и должината на времетраењето на секоја посета и видот на научно истражување како и името (имињата) на истражувачите односно соработниците, кои го извршуваат испитувањето.

РЗ 4. Режим на заштита за хидролошки споменици

О г р а н и ч у в а њ а:

Со правилата е забрането:

– секакво загадување на водата (на пр. да се испуштаат технолошки отпадни води, течни отпадоци, канализациски води итн.);
– да се искористуваат хидроенергетски (на пр. градење на брани, собирни езера за протечни, деривациски или прецрпни електрани, да се градат други разни хидроенергетски објекти итн.);
– да се менува природната температура на водата (на пр. при употреба на водата за ладење на енергетски или индустриски објекти);
– секоја друга промена на составот на водата (на пр. промена на pH, на количеството на органски или неоргански растопени, но цврсти во водата материи);
– менување на водниот режим (на пр. времено или стално одземање или додавање вода);
– поголеми регулациски градежни работи (на пр. промена на насоката, обликот или длабочината на коритото, градење на прагови, утврдување на бреговите со зидани или бетонски насипи, градење на водени пречки итн.);
– да се градат градби од сите видови на брегот или во непосредна близина на брегот (на пр. станови или викендици, туристички објекти, стопански градби, паркиралишта);
– да се ограничи пристапот до водата доколку тоа не е од заштитни причини или за заштитата на обработливите површини во близина (на пр. огради, долови и други пречки итн.);
– фрлање или пуштање на сите видови отпадоци во коритото, на брегот или во непосредната близина на водата;
– возење со моторни чамци (освен со електрични мотори на акумулатор).

По исклучок и по претходна согласност на соодветната служба за заштита можно е:

– да се градат патишта, мостови и инфраструктурни објекти на потесното подрачје на хидролошкиот објект односно водниот тек;
– да се менува крајбрежната вегетација (на пр. да се проредуваат и сечат дрвја и грумушки, да се засадуваат бреговите итн.);
– да се внесуваат (воведуваат) нови животински или растителни видови во водата или на крајбрежјето;
– да се одзема спруд, песок или калиште од крајбрежјето, спрудиштата или од дното на коритото, помали регулациски, градежни работи (чистење на дното на определени делови итн.).

Дозволено е:

– возење со чамци и едрење;
– да се посетуваат бреговите;
– да се задржува околу водата (на пр. сончање);

- да се шета околу водата ако тоа не е во спротивност со други интереси (на пр. стопански, воднозаштитни или риболовни);
- риболов (во согласност со прописите за рибарство);
- капење, истражување на водената фауна и флора хидролошки и други природонаучни истражувања.

РЗ 5: Режим на заштита за ботанички споменици на природата

О г р а н и ч у в а њ а:

Со правилата е забрането:

- секоја работа која би ги изменила растителниот состав на самиот локалитет односно биотоп, на пр. отстранување или менување на вегетацијата, менување на водната состојба (на пр. испуштање, дигање или спуштање на нивото од водата, менување на киселоста или алкалноста на почвата, поплави, отстранување на земјата или каменитата подлога, засипување, фрлање на отпаден материјал и тн.), градење на сите видови земјени работи;
- да се кине цвеќе, да се ископуваат, берат, оштетуваат или кршат растенијата (зеленило, дрвја и грмушки) или да се уништуваат вегетациските формации кои се под посебна заштита (наведени се во описот);
- да се собираат семиња и плодови на растенијата кои се под посебна заштита;
- секакви други работи на постојниот локалитет кои штетно влијаат на растението или вегетациските формации, кои се под посебна заштита (наведени се во описот);
- да се изведуваат такви мелиорациски или регулациски работи во околината чии штетни последици може да се осетат на потесниот локалитет;
- да се загадуваат површински или подземни води кои би ги влошувале растителните услови на потесните локалитети;
- да се загадува воздухот со прашина или отровни гасови што условува влошување на растителните услови на потесниот локалитет.

По исклучок и по претходна согласност на соответната служба за заштита, можно е:

- да се собираат растенија, нивните семиња или плодови за научно истражување или културно воспитни потреби;
- такво проучување на одделни растителни видови или вегетациски формации, односно нивниот биотоп, кои можат да ги влошат растителните услови или да се оштети популацијата на видовите.

Забелешка:

- домашните научно истражувачки организации кои се занимаваат со биолошки односно природонаучни истражувања, можат да добијат општо одобрение за научни истражувања на ботаничките споменици на природата, откако ќе ги засноваат своите потреби и откако соответната служба ќе ги запознае со порано наведените и други можни заштитни режими. На соодветната служба за заштита треба да ја пријават датата и траењето на секоја посета, видот на научното истражување и да го јават името (или имињата) на истражувачите, односно соработниците, кои ќе ја направат посетата.

Дозволено е:

- постојното стопанско искористување како на пр. косење, пасење, обработка на земја, шумско искористување (ако не се посебно наведени работите кои се во спротивност со интересите на заштитата);
- лов;
- риболов;
- посета на локалитетите и фотографирање на растенијата (ако тоа не е опасно за растителните видови или вегетациските формации и ако тоа не е посебно ограничено во конкретниот пример).

Задолжително да се внимава да не дојде до нарушување на заштитеното природно наследство и да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за заштита на природата (Службен весник на Република Македонија, број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 113/18 и 151/21), подзаконските акти донесени врз основа на овој закон, и строго да се почитуваат режимите за заштита, согласно Одлуката за прогласување на Катлановскиот предел за споменик на природата (Службен гласник, бр.7/91), како и заштитната категорија и режимите за заштита, согласно валоризацијата дадена во Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија.

Доколку при изработка на проектната документација или при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природното наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно Законот за заштита на природата.

7.1. Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11 и 41/14) пречистен 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18), Закон за пожарникарство (Сл. в. на РМ бр 67/04, 81/07 и 55/13 и 158/14, 193/15, 39/16, Пречистен текст 168/17) и Закон за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр. 29/05 и 36/11 и 41/14 и 104/15, 39/16, 83/18) задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Заштитата и спасувањето во Републиката се организира како единствен систем за откривање и спечување на настанувањето на последиците од настанатите природни и други несреќи и давање на помош во мир, вонредна состојба и воена состојба.

Заштитата и спасувањето претставува поврзан процес за планирање, програмирање, организирање, раководење, командување, координирање, спроведување, финансирање и надзор за навремена и ефикасна превенција како и подготвување, дејствување и отстранување на причините и последиците од природни непогоди и други несреќи.

Заштитата и спасувањето е дејност од јавен интерес.

Заштитата и спасувањето во Републиката ги организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување, на начин уреден со овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон, како и нормативите, стандардите и правилата на техничката практика.

Субјектите дадени погоре се должни да организираат заштита и спасување на своите вработени и луѓето затекнати во објектите во моментот на настанување на природната непогода или друга несреќа.

Организацијата на мерките за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерките за заштита и спасување.

Мерките за заштита и спасување се остварува преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер, кои ги подготвуваат и спроведуваат Републиката (преку органите на државната управа во областите за кои се основани), единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функцијата на превенцијата се следниве мерки и активности:

1. изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценети опасности,
2. вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа,
3. уредување на просторот и изградба на објектите, во функција на заштита и спасување,
4. воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување
5. обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Методологијата за содржината и начинот на проценувањето на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето, како и нормативите и стандардите врз основа на кои се определуваат државните органи и другите правни лица кои се должни да донесат план за заштита и спасување ги утврдува Владата.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1. при планирањето и уредувањето на просторот и населбите,
2. во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостотелска дејност и
3. при изградба на објекти и инфраструктура.

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасувањето, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1. изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства,
2. регулирање на водотеците и изградба на систем на одбрамбени насипи,
3. изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините,
4. обезбедување на противпожарни пречки,
5. изградба на објекти за заштита и
6. изградба на потребна инфраструктура.

За навремено предупредување на населението за можни опасности и превенција од нив, во рамките на системот за заштита и спасување во Републиката се воспоставува:

1. набљудување, јавување и известување и
2. организација за извршување на функции за заштита и спасување во рамките на редовната дејност.

За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, граѓаните на Републиката, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите задолжително обезбедуваат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување и за силите за заштита и спасување и соодветно обучен персонал.

Една значајна мерка за заштита и спасување која треба да се почитува во функција на превенција и во функција на заштитата и спасувањето е и уредувањето на просторот и изградбата на објектите согласно сите технички прописи за таков вид на градби.

Во предметниот Урбанистички проект опфатени се дел од предвидените урбанистичко-технички и хуманитарни мерки за заштита и спасување, кои се карактеристични за планскиот опфат, односно намената, согласно член 61 од Законот за заштита и спасување и подазоконските уредби и други правни прописи од оваа проблематика.

Урбанистичко-технички мерки се:

1. засолнување
2. заштита и спасување од поплави
3. заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

4. заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
5. заштита и спасување од урнатини
6. заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи
7. спасување од сообраќајни несреќи

Хуманитарни мерки се:

8. евакуација
9. згрижување на загрозеното и настраданото население
10. радилошка, хемиска и биолошка заштита
11. прва медицинска помош
12. заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
13. заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
14. асанација на теренот

При изработката на Урбанистичкиот проект, проценката на загрозеност од природни непогоди и други несреќи е основа врз база на која се планираат мерките за заштита и спасување и истите треба понатаму да се вградат во проектната документација.

При понатамошната изработка на идејните и основните проекти, како и при изградба на градбите, мерките за заштита и спасување задолжително треба да се разработуваат детално и истите да се вградат, согласно член 7 од Уредбата за начинот на применување на мерки за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во технички прегледи (Сл. Весник на РМ бр. 105/05).

Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

Природни непогоди се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини и наноси, голомразица, град, суша кои со природни неконтролирани сили ја загрозуваат животната средина, животот и здравјето на луѓето, материјалните добра, животинскиот и растителниот свет и културното наследсво.

Други несреќи се настани кои се резултат на одредени превиди и грешки во извршувањето на секојдневните стопански и други активности, како и невнимание при ракување со опасни материи и средства за производство, складирање и транспорт на истите (пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко-технлошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати, и други отровни хемикалии, екслозии на гасови, запалливи течности и гасови, како и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запалливи течности и гасови, како и други горливи материи кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни матерјали од поголем размер).

Дел од природните непогоди и другите несреќи можат да се јават и во границите на проекнтиот опфат.

Согласно Дописот со бр.12-8/275 од 01.03.2023год. од Агенцијата за цивилно воздухопловство, од аспект на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, Автокампот може да се планира без посебни услови и ограничувања.

Согласно Дописот со бр.11-715/3 од 31.03.2023, од АД Водостопанство на РСМ, од аспект на постоечки и планирани објекти кои се во надлежност на АД Водостопанство на РСМ, утврдено е дека во рамки на планскиот опфат на Урбанистичкиот проект за автокамп во општина Петровец нема објекти и инфраструктура кои се во надлежност на институцијата.

7.1.1. Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

При изработката на Урбанистичкиот проект предвидени се пропишани мерки за заштита од пожари, согласно член 68 Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр

36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11 и 41/14) пречистен 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 106/16), Законот за пожарникарство (Сл. в. на РМ бр 67/04, 81/07 и 55/13 и 158/14, 193/15, 39/16, пречистен текст 168/17), Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр 32/11, 145/13, 99/17, 143/17), Уредба за спроведување на мерката заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи (Сл.в. на РМ, бр. 100/10), како и Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. весник на РМ бр. 94/09), Правилникот за техничките нотмативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл. Весник на РМ бр. 31/06), Правилник за суштинските барања за градежните објекти (Сл. В. на РМ бр. 94/09), Правилник за изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правнитие лица и граѓаните, како и за критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати (Сл. Весник на РМ бр. 105/05), Правилник за начинот на определување на места на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гасење на пожари и противпожарните апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележувања и достапност за употреба (Сл. Весник на РМ бр. 74/06 и 76/07) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика. Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.

Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативните мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозии и опасни материи.

Органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари, друга противпожарна опрема, средства за гасење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди.

Инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција-пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожарии, експлозии и опасни материи.

Со Уредбата за спроведување на мерката заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр. 100/10) се уредува спроведувањето на мерката за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи која се остварува во рамките на единствениот систем за заштита и спасување.

Планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се врши од страна на органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа и градот Скопје, трговските друштва, јавните претпријатија, устанивите и службите.

Одредбите од оваа Уредбата се применуваат и на технолошки експлозии кои настануваат како последица при употребата на запаливи течности и гасови како и други горливи материи кои со воздухот создаваат експлозивни смеси, како и при пожари и експлозии во објекти во кои се користат или се сместени радиоактивни извори.

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи.

Планирањето на активностите за спроведување на заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, опфаќа процена на можните загрозувања на животот и здравјето на луѓето, утврдување на потребна организација за спроведување на заштитата и спасувањето од пожарии, експлозии и опасни материи, планирање на пропагандните активности и донесување на стандардни оперативни процедури за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи.

Организацијата за заштитата и спасувањето од пожарии, експлозии и опасни материи се утврдува согласно плановите за заштита и спасување, како посебен документ во плановите.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

- брз и непречен пристап до градбите,
- градбите се предвидуваат од тврда градба, со примена на огноотпорни материјали,
- при планирањето да се води сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу градбите,
- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбите овозможен е пристап на противпожарно возило од повеќе страни,
- внатрешните сообраќајна мрежа е со доволна ширина, а потребно е да се изведи со задоволувачки осовински притисок, што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила,
- инсталациите, уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии,
- во општина Македонска Каменица кој го опслужува овој плански опфат со ПП заштита, има противпожарна едница, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар, во склоп на севисните дејности, а исто и самиот инвеститор согласно Закон треба да обезбеди потребна противпожарна опрема,
- обезбедена е доволна количина на вода за гасење на пожар,
- во просторот предмет на овој Урбанистички проект предвидени се надворешни пожарни хидранти за гасење на пожар што евентуално би ги зафатил градбите и возилата,
- во понатамошната разработка на планската документација, обврзно да се реши громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување согласно Правилникот за македонските стандарди за заштита на објекти од атмосферски празнења (Сл. Весник на РМ бр. 101/2000).

Предвидената сообраќајна инфраструктура е со соодветни квалитетни хоризонтални и вертикални елементи на коловозот и овозможува непречена интрвенција на противпожарните возила. Падот на сообраќајницата е со мали вредности и е погоден за одвивање сообраќај на тешки возила.

Другите елементи за противпожарна заштита на градбите треба да се предвидат при изработката на идејните и основните проекти за градбите, односно за одредени градби потребно е да изготви посебен Проект за заштита и да се прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, согласно Упатството за содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр. 139/10). Согласноста ја издава Дирекцијата за заштита и спасување.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица – град Скопје, кој за овој проектен опфат би изнесувал од 10 до 15 минути.

7.1.2. Заштита и спасување од урнатини

Заштитата и спасувањето од урнатини согласно член 81 од Законот за заштита и спасување, опфаќа превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштита и спасување од урнатини се активностите кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирањето на објектите.

Оперативните мерки за заштита и сдпасување од урнатини се активностите за извидување на урнатините, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектите заради спречување на дополнително уривање, превземање на мерки за заштита од дополнителни опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра.

Со Уредбата за спроведување на мерката за заштита и спасување од урнатини (Сл. Весник на РМ бр. 100/10) се утврдува спроведувањето на мерката за заштита и спасување од урнатини што се остварува во рамките на системот за заштита и спасување.

Планирањето и подготвувањето на активности за спроведување на мерката за заштита и спасување од урнатини се врши од страна на органите на државната управа, органитена единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установите, служби и трговски друштва.

Заштитата и спасувањето се применува на објекти кои можат да бидат изложени на разни дејства:

- од природни непогоди: земјотреси, лизгање и одронување на теренот, поплави и др.
- од технички катастрофи: ексползии, последици од неквалитетна градба, дотраени конструкции од објекти, пожари и др,
- од воени дејства како последица од воздушни напади, артилериско оружје, експлозии и неексполодирани убојни средства и друго

Изложеноста на објектите на дејствија кои предизвикуваат урнатини се утврдува во Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи.

Во овој проект, утврден е претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на собраќајниците и зони на тотални урнатини, врз основа на што е изработено планираното решение.

При идното проектирање потребно е да се внимава даа не се создаваат тесни грла на сообраќајниците, зони на тотални урнатини.

Според очекуваните сеизмички интензитети оваа локација се наоѓа во зона на потреси до VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.

Се предвидува асеизмична градба, како можна превенција, со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Во случај на можни разурнувања, планираните решенија на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла на сообраќајниците),
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,
- непречена интервенција во кругот на катастрофата,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците,

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбите, како составен дел на основниот план. Потребни се геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања на теренот за сите градби.

7.1.3. Заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа: регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Организација и спроведувањето на заштитата од поплави е дадено во Уредба за спроведување на заштита и спасување од поплави (Сл. в. на РМ бр 91/10).

7.1.4. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно Законот за заштита и спасување, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

Организација и спроведувањето е согласно Уредбата за спроведување на мерката за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства (Сл.в. на РМ бр.101/10).

7.1.5. Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина потребно е одржување на опремата и инсталациите, сигурно користење на опасни материјали, заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи дел од објектите и заштита на животната средина во смисол на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи или последици од пожар и експлозии.

Мерката за Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи е дадена во Уредбата за спроведување на мерката заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи (Сл. в. на РМ бр 100/10).

7.1.6. Спасување од сообраќајни несреќи

Сообраќајната мрежа во проектниот опфат е планирана согласно намената на просторот. Стационарниот сообраќај, односно паркирањето, е решен согласно потребите.

Комплетната сигнализација, како вертикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника, која за овој проектен опфат е во реонот на град Скопје, кој би изнесувал до 10-15 минути.

7.1.7. Евакуација

Согласно член 84 и 85 од Законот за заштита и спасување, со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано пресметување на населението,

материјалните и културните добра на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат ефектите од природни непогоди и други несреќи.

Општината на чие подрачје е сместено евакуираното население ги покрива трошоците за обезбедување на основните услови за живот (сместување, исхрана, здравствена заштита и образование), со тоа што надоместокот за направените трошоци се на товар на општината од која е евакуирано населението, односно на товар на Републиката.

Со Уредбата за спроведување на мерката за заштита и спасување – евакуција на населението (Сл. Весник на РМ бр. 101/10) се уредува спроведувањето на мерката евакуација на населението која се остварува во рамките на системот за заштита и спасување.

Планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на евакуација на населението се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, служби и трговски друштва.

7.1.8. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Согласно член 87 од Законот за заштита и спасување, радилошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и средства за навремено откривање, следење и контрола на опасностите и последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радилошко, хемиско и билошко оружје, превземање на мерки за заштита и отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, како и сосвениците и корисниците на објектите и уредите кои се намените за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на животни, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образобание на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги извршуваат пропишаните мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Со уредбата за спроведување на мерката за радилошка, хемиска и биолошка заштита (Сл. Весник на РМ бр. 91/10) се уредува спроведувањето на мерката радилошка, хемиска и биолошка заштита.

Планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на мерката радилошка, хемиска и биолошка заштита се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, служби и трговски друштва.

Радилошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радилошки, хемиски и биолошки агенси и превземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Мерката се спроведува согласно Уредбата за спроведување на мерката радилошка, хемиска и билошка заштита (Сл.в. на РМ, бр.91/10).

7.1.9. Прва медицинска помош

Прва медицинска помош согласно член 88 од Законот за заштита, опфаќа превземање на хигиено-епидемиолошки мерки, укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето-заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Согласно Уредбата за начинот на воспроведување на мерката за заштита и спасување-прва медицинска помош (Сл. Весник на РМ бр. 80/05), обврската за планирање, подготвување на активности за спроведување на прва медицинска помош

имаат сите субјекти утврдени во Законот за заштита и спасување, а особено силите за заштита и спасување, Министерството за здравство, здравствените организации и Црвениот крст на Република Македонија.

Планирањето на првата медицинска помош опфаќа проценување на можните загрозувања на животот и здравјето на луѓето, утврдување на потребна организација за спроведување на првата медицинска помош и пропишување на оперативна процедура за спроведување на првата медицинска помош.

Планирањето на првата медицинска помош се остварува во рамките на интегралното планирање (развојно и оперативно) за заштита и спасување и тоа како посебен елаборат во тие планови.Потребната организација за спроведување на прва медицинска помош се утврдува во плановите за заштита и спасување.

Временскиот рок за пристигнување до најблиската Медицинска установа во град Скопје е 10-15 мин.

7.1.10. Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасувањето на растенија и производи од растително потекло согласно член 90 од Законот за заштита и спасување опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, штетници, плевеки, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивни мерки за заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативни мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со свои единици и тимови.

7.1.11. Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на загинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите и асанација на објектите за водоснабдување.

Планирањето на асанација на теренот опфаќа процена на загрозеност и повредливост на територијата, утврдување на потребна организација за спроведување на асанација на теренот и пропишување на стандардна оперативна процедура за спроведување на асанација на теренот. Потребната организација за спроведување на асанација на теренот се утврдува согласно плановите за заштита и спасување.

Активностите и постапките, учесниците во организираното спроведување на заштитата и спасувањето ги преземаат согласно стандардните оперативни процедури донесени од страна на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување.

Доколку дојде до потреба за асанација на теренот планскиот концепт е предвиден така да овозможи:

- Брз пристап на екипите за спасување и асанација на теренот,
- Непречена интервенција,
- Штетите да се сведат на минимум,
- Брза санација на последиците.

Мерката се спроведува со Уредбата за спроведување на мерката асанација на теренот (Сл.в. на РМ, бр.101/10).

7.2. Мерки за спречување на бариери за лица со посебни потреби

Мерките за спречување на бариери за лица со посебни потреби согласно Точка 13 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) се однесуваат на обезбедување непречен пристап и движење на лицата со посебни потреби.

Заради обезбедување на потребните услови се применуваат и одредбите од Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност, до и во градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено-деловна намена и Правилникот за техничките карактеристики и димензиите на патеката за движење на лица со телесен хендикеп и лица со оштетен вид.

8. ОПШТИ И ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Општите и посебните услови за градење претставуваат одредби со кои се утврдува начинот на понатамошна разработка на предметниот урбанистички проект со проектната документација.

Со Урбанистичкиот проект е формирана градежна парцела со утврден простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, согласно дозволениот процент на изграденост на земјиштето.

Урбанистичкиот проект содржи урбанистичко решение на наменската површина во проектниот опфат во рамки на градежната парцела. Во рамки на целиот проектниот опфат изработена е сообраќајна инфраструктура со нивелманско решение и другата потребна комунална инфраструктура.

Во градежната парцела површините за градење се утврдени со градежни линии, со соодветна намена на градбите, нивна максимална височина изразена во метри до венец, стационарниот сообраќај, нивелманско решение, партерно решение, озеленување и водовите на другата комунална инфраструктурата, согласно Законот за урбанистичко планирање, (Сл. Весник на РСМ број 32/20).

Врз основа на овие решенија ќе се изработат основните проекти за градбите и инфраструктурата во градежната парцела, како и другата инфраструктурата вон градежната парцела во рамки на проектниот опфат.

9. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Основа за изработка на Општите услови за изградба е Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), како и планираните барања.

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Урбанистичкиот проект.

Проектен опфат

1.

Површината на проектниот опфат за Урбанистички проект за Автокамп, КО Катланово, општина Петровец, изнесува П=**1.907ha** (19072.05m^2).

Проектниот опфат за изградба на Автокамп се наоѓа во Општина Петровец, на КО Катланово, на брегот на реката Пчиња.

Проектниот опфат е лоциран на дел од КП 91/1, КО Катланово, Општина Петровец и е дефиниран со линија и прекршни точки (X,Y) и тоа:

ПОВРШИНА: 19072.05m^2
ПЕРИМЕТАР: 863.85м’

Ред.бр.	X	Y
1.	7557412.32	4639731.11
2.	7557425.80	4639739.67
3.	7557399.46	4639793.11
4.	7557343.34	4639761.35
5.	7557319.74	4639744.81
6.	7557301.04	4639705.18
7.	7557298.10	4639638.95
8.	7557305.90	4639580.06
9.	7557345.40	4639481.70
10.	7557374.99	4639428.86
11.	7557374.89	4639447.08

12.	7557375.52	4639460.25
13.	7557377.62	4639474.86
14.	7557379.99	4639487.31
15.	7557382.40	4639498.70
16.	7557384.83	4639512.15
17.	7557387.82	4639529.20
18.	7557390.73	4639542.12
19.	7557393.41	4639551.27
20.	7557394.97	4639555.09

21.	7557361.97	4639571.93
22.	7557346.05	4639588.15
23.	7557341.71	4639603.44
24.	7557343.26	4639619.56
25.	7557346.93	4639639.37
26.	7557348.99	4639663.13
27.	7557361.61	4639678.33
28.	7557375.82	4639702.87
29.	7557393.24	4639720.44

нај	**X**	**Y**
источна	7557425.7953	4639739.6744
северна	557399.4619	4639793.1090
западна	7557298.1013	4639638.9492
јужна	7557374.9866	4639428.8625



Границата на проектниот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од 1 до 29, за кои точки табеларно се дадени параметрите по X и Y координати.

Поделба на проектниот опфат

2.

Проектниот опфат составен од една градежна парцела (парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба).

Градежната парцела е со единствена наменска употреба на земјиштето. Градежното земјиште за автокамп е со соодветни наменски содржини кои се од комплементарен карактер (зони на сообраќајници и зеленило).

Наменска употреба на земјиштето – класи на намени

3.

Доминантната класа на намена во рамки на целиот проектен опфат, а воедно е и дефинирана како намена на градежната парцела, припаѓа на **групата на класи на намена – А (Домување).** Истата е поддефинирана како**:**

- **А4.6** – Автокамп.

Регулаторни линии

4.

Регулаторни линии се линиски плански одредби кои го разграничуваат градежното земјиште од аспект на носителот на правото за градење и од аспект на намената на земјиштето во градежната парцела , односно диспозицијата на планираните градби.

Регулаторни линии се:

- Регулациона линија, со ознака Р.Л.
- Граница на градежната парцела, со ознака Г.Г.П. и
- Градежна линија, со ознака Г.Л.

Регулаторните линии како плански одредби се дефинирани во графичкиот дел на урбанистичкиот проект.

Регулациона линија (Р.Л.)

5.

Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежното земјиште за општа употреба и парцелираното градежно земјиште за поединечна употреба. Во графичкиот приказ регулационата линија е означена со полна зелена линија со дебелина од 0,75мм.

Граница на градежна парцела (Г.Г.П.)

6.

Границата на градежна парцела претставува линија на разграничување помеѓу две соседни градежни парцели, односно линија на разграничување на носителите на правото на градење. Во графичкиот приказ границата на градежната парцела е означена со полна зелена линија со дебелина од 0,5мм.

Градежна парцела

7.

Градежна парцела е основна, најмала и неделива единица на граежното земјиште која во урбанистичкото планирање претставува најмала површинска единица за планирање на просторот во кој се врши деталната агрегација на податоците, урбанистичките параметри и планските одредби.

На ниво на проектниот опфат е планирана 1 (една) градежна парцела и е означена со соодветна намена и ознака.

Градежнита парцела е означена со арапски цифри (1.1).

Границата на градежната парцела формира површина од П(градежна парцела)= П=**1.907ha** (19072.05m^2).

Градежна линија (Г.Л.)

8.

Градежната линија претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради. Во графичкиот приказ градежната линија е означена со полна црна линија со дебелина од 0,5мм.

Површини за градење

9.

Во градежните парцели е утврден простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, согласно дозволениот процент на изграденост на земјиштето. Во нумеричките показатели зададена е максималната површина за изградба на повеќе градби во утврдениот простор. Таа изнесува П(вк.површина за градење)= 10434,05м^2 во која се планирани 19 површини за градење со П(вк.површина за градење)=3937 м^2.

Во рамките на утврдената површина за градење предвидени се осумнаесет (18) површини за градење и тоа за:

- Градба 1.1.1 – Ресторан со рецепција,
- Градба 1.1.2 – Заеднички санитарии,
- Градба 1.1.3 – Бунгалов,
- Градба 1.1.4 – Бунгалов,
- Градба 1.1.5 – Бунгалов,
- Градба 1.1.6 – Портирница со рампа,
- Градба 1.1.7 – 2 утврдени места за кампување,
- Градба 1.1.8 – 7 утврдени места за кампување,
- Градба 1.1.9 – 3 утврдени места за кампување,
- Градба 1.1.10 – 4 утврдени места за кампување,
- Градба 1.1.11 – 2 утврдени места за кампување,
- Градба 1.1.12 – 8 утврдени места за кампување,
- Градба 1.1.13 – 5 утврдени места за кампување,
- Градба 1.1.14 – 8 утврдени места за кампување,
- Градба 1.1.15 – 5 утврдени места за кампување,
- Градба 1.1.16 – 3 утврдени места за кампување,
- Градба 1.1.17 – 3 утврдени места за кампување,
- Градба 1.1.18 – Трафостаница,
- Градба 1.1.19 – Пречистителна станица.

Максимална височина на градбите (Н мах.)

10.

Максималната височина за градба е планска одредба со која се утврдува дозволената височина за градбата на вертикална рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија или дозволеното.

Максималната височина на градбата се одредува на онаа страна на површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела и притоа се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри.

Со предметниот УП се предвидува висина на завршниот венец на градбите од 4,50 м’, додека бројот на катови е П (приземје).

Процент на изграденост (Р%)

11.

Процентот на изграденост на земјиштето е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Во предметниот Урбанистички проект за градежната парцела оваа величина изнесува Р%=20,6%.

Коефициент на искористеност (к)

12.

Коефициентот на искористеност е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште. Во предметниот Урбанистички проект за градежната парцела оваа величина изнесува k=0,21.

Сообраќај

13.

Пристапот до автокампот се обезбедува преку постојниот магистрален пат **А1** (М - 1**) -** (Граница со Србија – ГП Табановце – Куманово – Велес – Неготино – Демир Капија – Гевгелија – граница со Грција – ГП Богородица и делница Градско - Прилеп – врска со А3) кој е поврзан со регионалните патишта Р1102 - (Врска со А2 обиколница Скопје – Катланово – Велес –Неготино -Демир Капија); и Р2131 – Драчево (врска со Р1106)- Орешани-Таор-Катланово (врска со Р1102), односно преку локален пат кој на кој е проектирана „Т“ клучка каде се создава уличен крак за влез во градежната парцела ГП1.1. Во градежната парцела проектирана е улична мрежа составена од пристапна улица „1“.

Задолжително да се изработат Основни проекти за сообраќајните решенија во и вон градежната парцела, земајќи ги предвид сите елементи и параметри вградени во нив. Истите да бидат изработени согласно техничките нормативи, законите и правилниците релевантни од областа.

Паркирање

14.

За потребите на корисниците/вработените, предвиден е паркинг простор за лесни моторни возила во рамки на границите на градежната парцела. Бројот на предвидени паркинг места изнесува 38 за лесни возила и 1 паркинг место за лица со посебни потреби.

Услови за движење на лица со посебни потреби

15.

За обезбедување услови за движење на лица со посебни потреби во проектираната сообраќајна мрежа применети се стандардите и нормативите од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.225/20, 219/21 , 104/22 и 99/23).

За пристап во градбите со основните проекти ќе биде задолжително применување на стандардите и нормативите од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

При изработка на основните проекти за уличната мрежа да се внимава при одредувањето на позициите за улични светилки, комунална опрема и инфраструктурни канали со цел да не го нарушуваат пешачкото движење и да создадат бариери од привремен или постојан вид, со цел непречено пешачко движење, вклучително и на лицата со инвалидитет кои користат протези и помагала при движењето. Контактот со коловозот на местата утврдени за пешачки премин да се обезбеди преку рампи со соодветен наклон.

Зеленило

16.

Долж оградата на автокампот предвиден е заштитен појас со високо и ниско зеленило за да се обезбеди/спречи визуелен контакт со околината и населените места кон автокампот, согласно Идејните проекти.

Предвиденото зеленило е во согласност со Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ бр.11/2018) и за истото да се изработи Проект за хортикултурно уредување.

Мерки за заштита

17.

При изготвување на Урбанистичкиот проект, при изготвување на основните проекти за градбите и проектите за градбите на инфраструктура и самата инфраструктура, како и при самата градба, да се почитуваат мерките за заштита на животната средина и природата согласно:

- Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 39/16, 99/18 и 89/22);
- Закон за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 63/16, 113/18 и 151/21);
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Службен весник на Република Северна Македонија, број 100/12-пречистен текст, и бр. 163/13, 10/15 и 146/15);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Службен весник на Република Северна Македонија, број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15 и 216/21);
- Закон за управување со отпадот (Службен весник на Република Северна Македонија, број 216/21);
- Закон за водите (Службен весник на Република Северна Македонија, број 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и 151/21).

18.

Обврзно треба да се почитуваат мерките за заштита согласно Закон за одбрана (Сл в. на РМ бр: 42/01, 05/03, 58/06, 110/08) (пречистен текст 185/11) и 215/15.

На градбите обврзна е изведба на громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

Уличното осветлување да се планира со светилки кои емитираат светлина исклучиво кон земја.

Во проектниот опфат да не се предвидуваат објекти или содржини со елементи или структури кои ќе емитираат радио сигнали, ласерски сигнали или светлосни снопови.

При проектирањето да се внимава да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Градбите да бидат оптимално сеизмички отпорни на 9^0 по МЦС скалата, да бидат изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Со оглед на намените на градбите, потребно е да се изготви елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

19.

При изработката на основните проекти да се предвидат пропишаните мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи согласно Законот за заштита и спасување, Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ, бр. 168/17 – пречистен текст) и другите подзаконски акти и прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

20.

При уредувањето на градежната парцела, обврзно да се предвиди заштитен појас, меѓу одредени градби и простори, со широчина предвидена со нормативите, а која овозможува заштита од пожар.

21.

Доколку при реализацијата на планот се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Република Северна Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите од Законот за заштита на културното наследство (Сл. Весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 и 38/14 и 44/14 и 199/14, 104/15 и 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19).

За градбите се пропишува и следното:

- да се применат асеизмички конструктивни системи, како и материјали отпорни на пожар,

- да се применат изолаторски материјали кои ќе обезбедат максимална заштеда на енергијата за затоплување или ладење на внатрешниот корисен простор, а во функција на одржливиот развој и заштита на животната средина,
- да се применат квалитетни естетски современи материјали за завршна обработка на градбите,
- да се градат градби со примена на помала количина на градежен материјал и со релативно помали тежини,
- да се примени естетско парковско и заштитно зеленило, погодно за климатските простори,
- обврзно да се изготви елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања, при изработка на основните проекти на градбите и инфраструктурата.

22.

Површините за градење да се во корелација со градежните линии и ќе се утврдат со основните проекти, посебно и во рамките на дозволениот Коефициент на искористеност (К) на земјиштето и Процент на изграденост (Р) на земјиштето, согласно овие Услови за градење.

23.

При изработка на основните проекти на градбите и градбите на комуналната супраструктура и комуналната инфраструктура, обврзно е да се почитуваат прописите за градење, современите техничките стандарди за ваков тип на градби.

24.

Градежната парцела на која се предвидува изградба на автокампот треба да биде оградена. Елементите на оградата ќе бидат дефинирани со проектно-техничка документација.

25.

При изработка на Основните проекти да се почитуваат стандардите и нормативите од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и техничките прописи кои се од областа.

26.

Обврзно да се почитува Законот за водите (Сл.Весник на РМ бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и Сл.Весник на РСМ бр.151/21) за да не дојде до нарушување на режимот на водите, потребно е да бидат исполнети следните критериуми:

- да се почитува заштитниот појас од 50м. на река Пчиња.

- Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, се забранува:
  - да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;
  - да се вади песок, чакал и камен од речното корито за да не дојде до влошување на постојаниот режим на водите, и да предизвика ерозија или се оневозможи користењето на водите;
  - да се менува правецот на водотекот без согласност на Министерството за животна средина и просторно планирање;
  - да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците, езерата и акумуцаиите без одобрение;
  - изградба на постројки и објекти или било кои работи и активности што опфаќаат преработка, постапување, складирање, отстранување или транспорт на опасни материи, супстанции и цврст или течен отпад;

- да се копаат прокопи и канали по должината на насипот на коритото поблиску од 10м. од внатрешната страна и 10м. од надворешната страна на ножицата на насипот;
- да се врши сообраќај долж или преку водостопанските објекти и постројки, освен на определени места за тоа (природни рампи);

- Заради заштита и спречување на оштетувања на водостопански објекти и постројки, се забранува:
  - да се копаат и дупчат бунари на растојание помало од 20 метри од ножицата на одбранбените насипи;
  - да се изведуваат работи кои би можеле да ја загрозуваат стабилноста на браната, одбранбените насипи и други водостопански објекти и постројкли или нивното наменско користење, како и да се менуваат природните услови во околината на акумулацијата поради што би можело да дојде до лизгање на теренот, појава на ерозија или создавање на суводолици и порои;
  - да се копаат прокопи и паралелни канали по должината на насипот поблиски од 10 метри од внатрешната и 10 метри од надворешната страна на ножицата на насипот;
  - во појасот на одбранбениот насип и други заштитни водостопански објекти и постројки да се сечат дрвја, врбјаци и грмушки што се составен дел од заштитата, одбранбените работи и мерки, ако тоа не е определно со планот за одржување на заштитните објекти и постројки;
  - да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.
- Изведувањето на водостопанските објекти и постројки да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно техничјкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.
- Објектите и построките кои што во процес на производството, преработка, полнење и складирање, користат или применуваат опасни материи и супстанци што можат да влијаат врз квалитетот на водата, вклучувањјќи и цевководи за транспорт на такви материи и супстанции, се градат, поставуваат, работат и одржуваат на начин што исклучува секакво директно и индиректно загадување на подземните и површинските води;
- Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од објектите за комерцијална и деловна намена;
- Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и задувачки материи и супстанции;
- Одговорните за изработка на проектна документација, потребно е да имаат предвид дека испуштањето на атмосферските води од одводните канали не смее да предизвика нарушувањет и/или влошување на состојбата со квалитетот на водното тело-реципиент, утврдена со Уредбата за категоризација и класификација на водите на РСМ (Сл.Весник бр.18/99);
- При планирање на системите за собирање, одведување и прочистување на урбани отпадни води, потребно е да се имаат предвид големината на населеното место, согласно кое општината е да воспостави систем:
  - за собирање на отпадните води во секое населено место со повеќе од 2000 е.ж.;
  - соодветно прочистување на сите отпадни води кои ќе се испуштаат од системи за собирање на отпадни води од населени места со помалку од 2000 е.ж.;
  - секундарен (биолошки) или на него соодветно прочистување на отпадните води од системите за собирање на отпадни води од наслени места со повеќе од 2000 е.ж.
